# ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ
# НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ
# НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## Член 1

Во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04) во членот 45, став (1) зборовите "од 1 јануари 2005 година" се заменуваат со зборовите " со отпочнување на примената на овој закон". Во став (2) во алинеите 1 и 2 зборовите "до 15 септември 2004 година " се заменуваат со зборовите"најдоцна два месеци пред отпочнувањето на примената на овој закон".

## Член 2

Во членот 48 став (1) и во членот 49 став (1) зборовите "1 јануари 2005 година" се заменуваат со зборовите "денот на отпочнувањето на примената на овој закон".

## Член 3

Членот 52 се менува и гласи " Одредбата од членот 45 став (2) алинеја 3 на овој закон ќе се применува со денот на влегувањето во сила на овој закон".

## Член 4

Во членот 55 зборовите "1 јануари 2005 година" се заменуваат со зборовите "1 јули 2005 година".

## Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".